Уп. Бр.08-122/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Батинг Лимитед (Batting Limited), со седиште на адреса Грива Дигени 115, Тридент Центре, 3101 Лимасол, Кипар, преку полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 14.12.2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на трговското друштво Батинг Лимитед (Batting Limited), со седиште на адреса Грива Дигени 115, Тридент Центре, 3101 Лимасол, Кипар, над друштвото Институт за изградба на град д.о.о. Белград (Institut za izgradnju grada d.o.o. Beograd), со седиште на адреса Крал Милан бр.31, Белград, Република Србија, по пат на стекнување на удели иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 16.11.2021 година, а дополнето на 22.11.2021 година и на 26.11.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Батинг Лимитед (Batting Limited), со седиште на адреса Грива Дигени 115, Тридент Центре, 3101 Лимасол, Кипар, со која Батинг Лимитед ќе стекне самостојна контрола над друштвото Институт за изградба на град д.о.о. Белград (Institut za izgradnju gradad.o.o. Beograd), со седиште на адреса Крал Милан бр.31, Белград, Република Србија, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањата и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Батинг Лимитед** припаѓа на МК Групата. Деловната активност на МК Групата како целина, е во основа производство и трговија со земјоделски производи. МК Групата е активна со производство на шеќерна репка, шеќер, пченка, пченица, јачмен, маслодајна репка и други ратарски култури со употреба на најсовремени агротехнички мерки и земјоделска механизација од последна генерација. МК Групата покрај тоа тргува со земјоделски производи, вештачко ѓубриво, пестициди, меркатилни и семенски производи (пченица, пченка, соја...). Дополнително, МК

Групата се занимава и со туризам, информациски технологии, како и со банкарски и брокерско-дилерски работи.

МК групата нема зависни друштва регистрирани во Република Северна Македонија, но има остварени продажби.

Регистрирана претежна дејност на **Институт за изградба на град д.о.о. Белград** е истражување и развој на природните и техничко-технолошките науки.

Меѓутоа, основна дејност на Институт за изградба на град д.о.о. Белград е во суштина управување и располагање со недвижен имот кој се наоѓа во Србија, Белград на местото на поранешната Индустрија за мотори Раковица, во белградската општина Раковица - индустриски комплекс кој во моментов (и веќе подолго време) не е во функција.

Институт за изградба на град д.о.о. Белград во текот на јуни 2020 година има извршено статусна промена, спојување со друштвото Индустрија мотора Раковица д.о.о. Белград (Industrija motora Rakovica d.o.o. Beograd (регистарски број 06963382), така што, по направената статусна промена, друштвото Индустрија мотора Раковица д.о.о. Белград (Industrija motora Rakovica d.o.o. Beograd) престанува да постои.

Институт за изградба на град д.о.о. Белград нема зависни друштва регистрирани во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**